Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 став 1 точка 14 од Статутот на општина Василево (Службен гласник на општина Василево бр. бр.04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата седница одржана на **31.10.2016** година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во општина Василево за 2017 гпдина

Вовед:

Во програмата изградбата и реконструкцијата на системите за водоснабдување како дел од надлежноста за комунални дејности за 2017 година предвидени се одредени активности за кои ќе бидат обезбедени средства преку трансфери од страна на поодделни министерства и од сопствени приходи во буџетот за 2017 година.

член 1

За реализација на наведената програма предвидени се средства од:

- Трансфери на средства од АФПРЗ , Светска банка и Буџет на општина Василево
  - ✓ Средства обезбедени од Светска банка: 5.000.000 денари,
  - ✓ Средства од АФПРЗ во висина од : 10.000.000денари.
  - ✓ Буџет на општина Василево 3.000.000 денари

Вкупно: 18.000.000 денари

Средствата Ќе бидат искористени за изградба на следните капитални објекти:

- ✓ Изградба на систем за одведување и пречистување на отпадни води во с.Ангелци 5.000.000 денари;
- ✓ Изградба на дел од фекална канализација Василево 13.000.000 денари

Вкупно: 18.000.000 денари

член 2

Овие трошоци (како капитални), исклучиво се однесуваат за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во сите населени места во општина Василево.

член 3

Оваа програма стапува во сила осмиот ден по објавувањето во Службениот гласник на општина Василево.

Бр.09-1986/1
01.11..2016г.
Василево

Совет на општина Василево
Претседател,
Драги Митев с.р